Službeni vesnik SR Makedonije
Skopje
Fah 51

СЛУЖБЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТ

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Четврток, 1 ноември 1973

БЕЛГРАД

БРОЈ 58 ГОД. XXIX

Цена на овој број е 6 динари. — Претплатата за 1973 година изнесува 270 динари — Редакција: Улица Јована Ристића бр 1 Пошт фах 226 — Телефони: централа 650-155: Уредништво 651-885: Служба за претплата 651-732: Комерцијален сектор 651-671: телекс 11756

816.

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ ЗА СВЕЖО МЕСО ВО ПРОМЕТОТ НА ГОЛЕМО И ЗА ПРЕРАБОТКИ ОД МЕСО

1. Цените за свежо месо во прометот на големо се формираат така што нивото на малопродажните цени од точ. 2 и 3 на Договорот за начинот на формирањето на малопродажните цени за свежо месо („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/73) да се намали најмалку за 7%.

Како ниво на малопродажните цени се смета нивото на тие цени во местото во кое се наоѓа седиштето на продавачот на големо.

2. Производителските организации на здружениот труд продажните цени утврдени во Спогодбата за промена на затечените цени за одделни преработки од месо („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/73), како и своите постојни продажни цени на другите преработки од месо што не се опфатени со таа спогодба, можат да ги зголемат до 11%.

3. Со денот на влегувањето во сила на прописите на републиките и на автономните покраини за малопродажните цени за свежо месо, донесени согласно со Договорот за начинот на формирањето на малопродажните цени за свежо месо, престанува да важи Одлуката за начинот за формирање на цените за свежо месо и за преработки од месо („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/73 и 37/73).

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 289
17 октомври 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

817.

Врз основа на член 37 став 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕТО И РАСПРЕДЕЛБАТА НА СТОКОВНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ОДНОСНО НА ДЕВИЗНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ЗА УВОЗ НА СТОКИ ВО 1974 ГОДИНА

1. Увозот на стоките за кои со Одлуката за определување на стоките чиј извоз и увоз е регулиран („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/70, со натамошните измени и дополненија) е одредено да се увезуваат врз основа на стоковните контингенти односно на девизните контингенти, освен текстилните производи што се увезуваат врз основа на Одлуката за постапката за утврдување и распределба на девизните контингенти за увоз на текстилни производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 68/72), се врши врз основа на договор помеѓу организациите на здружениот труд — потрошувачи, увозникот и производителите на односните производи, постигнат во рамките на Стопанската комора на Југославија. Со тој договор се утврдува, во рамките на материјалните биланси врз кои се засновуваат предвидената стапка на растежот на производството и пропорцијата на платниот биланс за 1974 година, обемот на увозот по количината (стоковен контингент) односно по вредноста (девизен контингент), усогласен со домашното производство и потрошувачката; регионалните правци на увозот — водејќи сметка за поставките на економската политика и склучените трговски и други меѓудржавни спогодби; структурата и динамиката на увозот; начинот и организацијата на увозот и другите елементи за извршување на договорот.

2. Учесниците на договорот од точка 1 на оваа одлука се должни во договорот да ги утврдат и цените односно начинот на утврдувањето на цените по кои ќе ги продаваат стоките што се предмет на договореното регулирање на увозот, во согласност со утврдената политика на цените и со прописите со кои се регулира режимот на цените, и еден примерок на договорот да му достават на Сојузниот секретаријат за пазар и цени.

3. Договорот помеѓу организациите на здружениот труд од точка 1 на оваа одлука подлежи на одобрението на сојузниот секретар за надворешна трговија, дадено во спогодба со сојузниот секретар за пазар и цени, кој, ако се во прашање земјоделски и прехранбени производи, претходно ќе обезбеди согласност на сојузниот секретар за земјоделство.

Сојузниот секретар за надворешна трговија и сојузниот секретар за пазар и цени се должни во рок од 30 дена од денот на приемот на договорот да донесат одлука, водејќи сметка за критериумите од точка 1 на оваа одлука.

4. Ако организациите на здружениот труд внатре во Стопанската комора на Југославија не постигнат договор во рамките на групацијата, за што Стопанската комора на Југославија му поднесува извештај на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија во рок од 30 дена од денот на приемот на извештајот на Стопанската комора на Југославија, а на предлог на Сојузниот секретаријат за пазар и цени, ќе го одреди обемот на увозот по количината (стоковен контингент односно по вредноста (девизен контингент), регионалните правци на увозот, динамиката на увозот, начинот на распределбата на износот на девизите, како и другите услови за увозот на производите во смисла на точка 1 на оваа одлука. Ако се во прашање земјоделски и прехранбени производи, Сојузниот секретаријат за пазар и цени пред поднесувањето на предлогот ќе обезбеди согласност на Сојузниот секретаријат за земјоделство.

5. Организациите на здружениот труд се должни во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на оваа одлука, да го постигнат договорот од точка 1 на оваа одлука. Ако организациите на здружениот труд во тој рок не го постигнат договорот, утврдувањето и распределбата на износот на девизите ќе се изврши според постапката од точка 4 на оваа одлука.

6. За поодделни производи што не се увезувале врз основа на стоковниот контингент односно на девизниот контингент, а во 1974 година се увезуваат по тој основ, организациите на здружениот труд се должни за увозот на тие производи да постигнат договор во рок од два месеца од денот на извршената измена на режимот на увозот на тие производи. Ако организациите на здружениот труд во тој рок не постигнат договор, ќе се постапи во смисла на точка 4 на оваа одлука а врз основа на извештајот на Стопанската комора на Југославија за непостигнатиот договор.

7. Сојузниот извршен совет може да ги одреди стоките за кои е пропишано да се увезуваат врз основа на стоковните контингенти односно на девизните контингенти, контингентите за тие стоки да ги утврдува по количината (стоковен контингент) односно по вредноста (девизен контингент) Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, на предлог на Сојузниот секретаријат за пазар и цени даден по претходно прибавеното мислење на Стопанската комора на Југославија. Ако се во прашање земјоделски и прехранбени производи, Сојузниот секретаријат за пазар и цени пред поднесувањето на предлогот ќе обезбеди согласност на Сојузниот секретаријат за земјоделство.

За поодделни видови стоки за кои е пропишано да се увезуваат врз основа на стоковниот контингент односно на девизниот контингент, носител на контингентот може да биде Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи односно Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, ако Сојузниот извршен совет тоа го одреди.

Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи односно Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи, како носител на контингентот за увозот на стоките од став 2 на оваа точка, во рамките на износот и видот на девизите утврдени во смисла на точка 8 на оваа одлука, ќе изврши избор на најповолниот увозник врз основа на одржаното јавно наддавање, односно врз основа на претходно извршеното собирање на понуди од најмалку три понудувачи. На избраниот најповолен увозник Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи односно Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи ќе му издаде решение за увозот на одредени стоки од стоковниот контингент.

8. За стоковниот контингент односно за девизниот контингент, утврден во смисла на точка 7 на оваа одлука, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија ќе ги утврди, водејќи сметка за склучените трговски и други спогодби, износот и видот на девизите, а, по потреба, и земјата од која се врши увозот, како и динамиката на користењето на девизите и роковите во кои организациите на здружениот труд треба да се спогодат за меѓусебната распределба на утврдениот стоковен контингент односно девизен контингент.

9. Распределбата на стоковниот контингент односно на девизниот контингент од точка 7 став 1 на оваа одлука ја вршат организациите на здружениот труд договорно, во рамките на Стопанската комора на Југославија. За постигнатата распределба на контингентот му се поднесува извештај на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, кој на секоја организација на здружениот труд ѝ издава решение за доделениот стоковен контингент односно девизен контингент, во рок од 15 дена од денот на приемот на извештајот.

Ако организациите на здружениот труд не постигнат спогодба за распределбата на стоковниот контингент односно на девизниот контингент во роковите што ги одредил Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, распределбата на стоковниот контингент односно на девизниот контингент на одделни организации на здружениот труд ќе ја изврши Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, на предлог на Сојузниот секретаријат за пазар и цени, по претходно прибавениот извештај на Стопанската комора на Југославија, и тоа во рок од 30 дена од денот на приемот на тој извештај, при што ќе се придржува кон критериумите од точка 11 на оваа одлука. Ако се во прашање земјоделски и прехранбени производи Сојузниот секретаријат за пазар и цени претходно ќе обезбеди согласност на Сојузниот секретаријат за земјоделство.

10. Стоковниот контингент односно девизниот контингент, утврден во смисла на точка 7 од оваа одлука, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија може да го наголеми за 10%, со тоа што тој наголемен дел на контингентот во целост да се користи за наголемување на производството на стоките наменети за извоз на пазари на кои се остваруваат девизи што се од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања.

11. Организациите на здружениот труд од точка 9 на оваа одлука при распределбата на стоковниот контингент односно на девизниот контингент врз основа на договорот, по правило, ќе го имаат предвид обезбедувањето на производството на стоки наменети за извоз со кои се остваруваат девизи што се од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања, како и учеството на секоја организација на здружениот труд во увозот на соодветни стоки во претходната година.

12. Ако за производите на кои се применува режимот на увозот врз основа на стоковниот контингент односно на девизниот контингент, се наголемат цените на одделни производи од домашно производство што отстапуваат од општата политика на цените, или ако тие производи се дефицитарни на домашниот пазар, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, на предлог на Сојузниот секретаријат за пазар и цени, може да одобри увоз на односните производи независно од постапката одредена со оваа одлука. Ако се во прашање земјоделски и прехранбени производи Сојузниот секретаријат за пазар и цени претходно ќе обезбеди согласност на Сојузниот секретаријат за земјоделство.

При издавањето на одобренијата за увоз ќе се води сметка за извршувањето на трговските и другите економски спогодби склучени со странство.

13. Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, на предлог на Стопанската комора на Југославија, може да одобрува, пред конечното утврдување на стоковниот контингент односно на девизниот контингент, аванси на организациите на здружениот труд од точ. 1 и 7 на оваа одлука, и тоа најмногу до износот од 40% од количината односно од вредноста на увозот на односните стоки во претходната година.

По исклучок од одредбата на став 1 на оваа точка, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија за увозот и за плаќањето на сезонските производи може да одобри аванси и над износот од 40% од количината односно од вредноста на увозот на односните стоки во претходната година.

14. Ако во текот на спроведувањето на договорот од точка 1 на оваа одлука се утврди дека договорот не се реализира, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, на предлог на Сојузниот секретаријат за пазар и цени, може да утврди посебен стоковен контингент односно девизен контингент за увоз на односните стоки и да изврши распределба на тие контингенти на поодделни организации на здружениот труд — учесници на договорот. Ако се во прашање земјоделски и прехранбени производи Сојузниот секретаријат за пазар и цени претходно ќе обезбеди согласност на Сојузниот секретаријат за земјоделство.

15. Сојузниот секретар за надворешна трговија донесува поблиски прописи за начинот на поднесувањето на извештајот за постигнатата распределба на стоковниот контингент односно на девизниот контингент и за начинот на поднесувањето на докумен-

тацијата што служи за распределбата на стоковниот контингент односно на девизниот контингент по точ. 4, 9 и 10 на оваа одлука.

16. Техничко упатство за примена на оваа одлука дава Народната банка на Југославија, во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

17. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 293
24 октомври 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

818.

Врз основа на член 37д ст. 2 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ" бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСЕБНИОТ ИЗНОС НА ГЛОБАЛНАТА ДЕВИЗНА КВОТА ЗА ОДРЕДЕНИ ПРОИЗВОДСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД ЗА 1974 ГОДИНА

1. Во смисла на точка 1 од Одлуката за условите за доделување на посебниот износ на глобалната девизна квота („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/72), се утврдува посебниот износ на глобалната девизна квота за 1974 година, и тоа:

1) за распределба во I квартал — од 55,000.000 динари;

2) за распределба во II квартал — од 55,000.000 динари;

3) за распределба во III квартал — од 33,000.000 динари;

4) за распределба во IV квартал — од 33,000.000 динари.

Ако средствата од став 1 на оваа точка бидат исцрпени пред истекот на поодделен квартал, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија за тоа ќе му поднесе извештај и предлог за доделување на нови средства на Сојузниот извршен совет.

2. Барањето за одредување на посебниот износ на глобалната девизна квота заинтересираните производствени организации на здружениот труд се должни да го поднесат најдоцна до 15 март 1974 година — за средствата утврдени за распределба во I квартал, до 15 јуни 1974 година — за средствата утврдени за распределба во II квартал, до 15 септември 1974 година — за средствата утврдени за распределба во III квартал и до 15 декември 1974 година — за средствата утврдени за распределба во IV квартал.

3. Сојузниот секретаријат за надворешна трговија е должен да донесе решение за одредување на посебниот износ на глобалната девизна квота од точка 1 на оваа одлука во рок од 15 дена од денот на истекот на односниот квартал, придржувајќи се кон критериумите од точ. 2, 3 и 5 на Одлуката за условите за доделување на посебниот износ на глобалната девизна квота.

4. На организациите на здружениот труд од точка 5 на Одлуката за условите за доделување на посебниот износ на глобалната девизна квота, им се одредува посебен износ на глобалната девизна квота независно од рокот од точ. 2 и 3 на оваа одлука.

5 Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 292
24 октомври 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

819.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72) и член 34 од Законот за девизно работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72, 71/72 и 52/73), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ НА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ НА СТОКИ ВО РАМКИТЕ НА ОДРЕДЕНИ МЕЃУНАРОДНИ САЕМСКИ КОМПЕНЗАЦИОНИ АРАНЖМАНИ

1. Во Одлуката за вршење на работите на извозот и увозот на стоки во рамките на одредени меѓународни саемски компензациони аранжмани („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/73) по точка 5 се додава нова точка 5а, која гласи:

„5а. По исклучок од одредбата на точка 5 на оваа одлука, работи на извозот и увозот на стоки по саемскиот компензационен аранжман на Алпа-Адриа Италија 1973 година, организациите на здружениот труд можат да склучуваат со странски содоговорачи до 31 декември 1973 година, а по саемскиот аранжман Центро-Југ Италија 1973 година — до 30 јули 1974 година.

Работите склучени во смисла на став 1 од оваа точка, треба да се извршат до 31 декември 1974 година."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 294
24 октомври 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

820.

Врз основа на член 37д став 2 на Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УТВРДУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА ГЛОБАЛНАТА ДЕВИЗНА КВОТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗОТ НА СУРОВИНИ И ДРУГИ РЕПРОДУКЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА 1974 ГОДИНА

1. За плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1974 година врз основа на глобалната девизна квота, на организациите на здружениот труд им се утврдува глобал-

ната девизна квота во износот и видот на девизите што им се утврдени врз основа на прописите на Сојузниот извршен совет за утврдување на глобалната девизна квота за 1973 година, наголемена за 15%.

На организациите на здружениот труд што во 1973 година увезувале суровини и други репродукциони материјали врз основа на глобалната девизна квота во одреден однос на плаќањето на увозот спрема оствареният девизен прилив по извозот на нивните производи, средствата на глобалната девизна квота за 1974 година им се утврдуваат врз основа на девизниот прилив остварен во IV квартал на 1972 година и за првите девет месеци на 1973 година, како и на односот на увозот спрема извозот утврден со решенијата на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија за 1973 година, наголемен за 15%.

За плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за потребите на сопственото производство и за извозот, на организациите на здружениот труд што се занимаваат со научноистражувачка и развојна дејност (институти), чие својство на правно лице е запишано во судскиот регистар на организациите на здружениот труд, глобалната девизна квота за 1974 година им се утврдува на начинот од став 1 на оваа точка.

Во износот на глобалната девизна квота од став 1 на оваа точка не се засметуваат износите што се утврдени врз основа на Одлуката за условите за доделување на посебниот износ на глобалната девизна квота („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/72), Одлуката за утврдување на посебен износ на глобалната девизна квота за 1973 година за увоз на одредени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/73), Одлуката за утврдување на посебниот износ на глобалната девизна квота за 1973 година за увоз на земјоделската механизација за производство на шеќерна репа („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/73) и Одлуката за утврдување и распределба на посебниот износ на глобалната девизна квота на одредени организации на здружениот труд за увоз на суровини и други репродукциони материјали за 1973 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 53/73).

За суровините и другите репродукциони материјали за кои ќе биде пропишано од 1 јануари 1974 година дека нема да се увезуваат врз основа на глобалната девизна квота, на организациите на здружениот труд од ст. 1 до 3 на оваа точка претходно ќе им се изврши корекција на глобалната девизна квота што им била утврдена врз основа на прописите на Сојузниот извршен совет за утврдувањето на глобалната девизна квота и односот на плаќањето на увозот спрема оствареният девизен прилив по извозот за 1973 година, за износот на девизите искористени за плаќање на тие суровини и репродукциони материјали во IV квартал на 1972 година и првите девет месеци на 1973 година.

Коригираниот износ на глобалната девизна квота, во смисла на став 4 на оваа точка, се наголемува за процентот од ст. 1 и 2 на оваа точка.

2. Решение за утврдувањето на глобалната девизна квота од точка 1 ст. 1 и 2 на оваа одлука Сојузниот секретаријат за надворешна трговија ќе ѝ издаде на секоја организација на здружениот труд, на нејзино барање и врз основа на поднесената документација, најдоцна до 31 декември 1973 година.

При издавањето на решението од став 1 на оваа точка, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија ќе води сметка користењето на средствата на глобалната девизна квота да биде, по правило, рамномерно распоредено на поодделни квартали.

3. Организациите на здружениот труд во рамките на групациите на организациите на здружениот труд на сродни дејности внатре во Стопанската комора на Југославија можат договорно да извршат прераспределба на девизите од точка 1 на оваа одлука, ако сите организации на здружениот труд на односната групација се согласат со таа прераспределба.

Прераспределбата на девизите од точка 1 на оваа одлука можат договорно да ја извршат и поодделни организации на здружениот труд на односната групација, но само во границите на средствата што им припаѓаат во смисла на таа точка.

Прераспределбата на девизите во смисла на ст. 1 и 2 на оваа точка, организациите на здружениот труд можат да ја извршат до 15 декември 1973 година.

4. За плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1974 година врз основа на глобалната девизна квота, на организациите на здружениот труд од областа на занаетчиството им се утврдува глобалната девизна квота во износот и во видот на девизите што им се утврдени врз основа на прописите на Сојузниот извршен совет за утврдување на глобалната девизна квота за 1973 година, наголемена за 12%.

При утврдувањето на глобалната девизна квота од став 1 на оваа точка, не се применуваат одредбите на точка 1 став 5 на оваа одлука.

Начинот на распределбата на средствата на глобалната девизна квота од став 1 на оваа точка, како и критериумите за таа распределба, ќе ги утврди надлежното општествено тело за занаетчиството на Стопанската комора на Југославија, договорно со соодветните општествени тела на стопанските комори на републиките односно на стопанските комори на автономните покраини.

Организациите на здружениот труд, во рамките на стопанската комора на републиката односно на стопанската комора автономната покраина, можат да се договорат носител на средствата на глобалната девизна квота за повеќе организации на здружениот труд да биде една организација на здружениот труд.

По извршената распределба на износот на глобалната девизна квота на поодделни организации на здружениот труд во смисла на ст. 2 и 3 на оваа точка, Стопанската комора на Југославија му доставува извештај за извршената распределба, со соодветната документација, на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, кој на секоја организација на здружениот труд за тоа ќе ѝ издаде решение во рок од 15 дена од денот на приемот на извештајот.

5. Ако Сојузниот извршен совет на поодделни групации организации на здружениот труд од сродни дејности им го наголеми износот на девизите за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали врз основа на глобалната девизна квота над износот од точка 1 на оваа одлука, распределбата на износот на наголемената глобална девизна квота на поодделни организации на здружениот труд, ја вршат организациите на здружениот труд договорно во рамките на групациите организации на здружениот труд од сродни дејности внатре во Стопанската комора на Југославија.

Предлогот за наголемување на износот на девизите од став 1 на оваа точка на Сојузниот извршен совет му го поднесува на Сојузниот секретаријат на надворешна трговија, во спогодба со Сојузниот секретаријат за пазар и цени, по претходно прибавеното мислење на Стопанската комора на Југославија.

При распределбата на износот и видот на девизите од став 1 на оваа точка, за организациите на здружениот труд во рамките на групацијата како критериум за распределбата на девизите ќе се земе извозот извршен во 1973 година во однос на извозот извршен во 1972 година на пазари на кои се остваруваат девизи од значење за одржувањето на ликвидноста во меѓународните плаќања, производството остварено во тие години, помалото учество во производството на суровини и други репродукциони материјали од увоз и состојбата и движењето на залихите.

Ако при утврдувањето на наголемениот износ на девизите, во смисла на став 1 на оваа точка, Сојузниот извршен совет одреди посебни услови за распределбата на тие девизи, организациите на здружениот труд се должни при договарањето за

распределбата да се придржуваат кон тие посебни услови.

6. При распределбата на средствата на глобалната девизна квота, во смисла на точка 5 на оваа одлука, на поодделни организации на здружениот труд, треба да се утврдат износите и видовите на девизите и динамиката на нивното користење, со тоа што користењето на девизите треба, по правило, да биде рамномерно распоредено на поодделни квартали.

7. Се смета дека договорот за распределбата на износот на глобалната девизна квота, во смисла на точка 5 на оваа одлука, е постигнат ако сите организации на здружениот труд на односната групација се согласиле со предложената распределба, или ако во договорот за распределбата на тој износ на глобалната девизна квота во групацијата е постигнато мнозинството предвидено со статутот на Стопанската комора на Југославија односно со заклучокот на соодветното општествено тело на Стопанската комора на Југославија за начинот на постигањето на договорот.

8. По извршената распределба на износот на глобалната девизна квота на поодделни организации на здружениот труд во смисла на точ. 3 и 5 на оваа одлука, Стопанската комора на Југославија му доставува извештај за извршената распределба, со соодветната документација, на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, кој на секоја организација на здружениот труд ќе ѝ издаде за тоа решение во рок од 15 дена од денот на приемот на извештајот.

9. Ако организациите на здружениот труд не го постигнат договорот за распределбата на износот на девизите во смисла на точка 5 на оваа одлука, распределбата ќе ја изврши Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, по претходно поднесениот извештај на Стопанската комора на Југославија, а во рок од 30 дена од денот на приемот на тој извештај.

10. Ако врз основа на меѓудржавна спогодба во текот на 1974 година дојде до промена на начинот на плаќањето помеѓу Југославија и одредена земја, производствените организации на здружениот труд што увезувале суровини и други репродукциони материјали од таа земја по основ на глобалната девизна квота, во рок од 60 дена од денот на промената на начинот на плаќањето, ќе поднесат барање да им се утврди износот на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и репродукциони материјали од таа земја за 1974 година.

Барањето за утврдување на износот на девизите производствената организација на здружениот труд му го поднесува на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, кој на производствената организација на здружениот труд ќе ѝ го утврди износот на девизите за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали од став 1 на оваа точка и за тоа ќе ѝ издаде решение. Износот на девизите на производствената организација на здружениот труд ќе ѝ се утврди во височината на девизите што таа ги искористила за плаќање на увозот на односните суровини и други репродукциони материјали од таа земја во соодветниот период на 1973 година.

Сојузниот секретаријат за надворешна трговија е должен во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето да донесе решение за утврдувањето на износот на девизите од став 1 на оваа точка на производствената организација на здружениот труд.

11. За суровините и другите репродукциони материјали што во 1973 година се увезувале врз основа на глобалната девизна квота, а кои во 1974 година не се увезуваат по тој основ, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија на односната организација на здружениот труд ќе ѝ ја намали глобалната девизна квота за 1974 година за износот на девизите искористени за тие стоки во 1973 година, а во периодот во кој во 1974 година тие стоки не се увезуваат по основ на глобалната девизна квота.

Организациите на здружениот труд се должни во рок од 30 дена од денот на објавувањето на прописите односните суровини и други репродукциони материјали да не се увезуваат врз основа на глобалната девизна квота, да му ја поднесат на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија потребната документација врз основа на која Сојузниот секретаријат за надворешна трговија на тие организации на здружениот труд ќе им го намали износот на глобалната девизна квота за 1974 година.

Ако организацијата на здружениот труд не ја поднесе потребната документација, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија ќе донесе решение за привремено запирање на користењето на средствата на глобалната девизна квота утврдени на организацијата на здружениот труд за 1974 година — сé додека организацијата на здружениот труд не ја поднесе потребната документација.

12. Неискористените девизи на глобалната девизна квота за 1974 година можат да се користат во наредната година.

13. Организацијата на здружениот труд врши плаќање на суровините и другите репродукциони материјали што ги увезува врз основа на глобалната девизна квота, преку овластената банка што самата ќе ја избере.

14. Вкупниот износ на девизите за увоз на суровини и други репродукциони материјали за кои е пропишан увоз врз основа на глобалната девизна квота, го утврдува Сојузниот извршен совет за производствените организации на здружениот труд што се основани и пуштени во погон во 1974 година, за производствените организации на здружениот труд што се основани во 1973 година ако за таа година не добиле девизи за увоз на суровини и други репродукциони материјали за кои е пропишан увоз врз основа на глобалната девизна квота, за организациите на здружениот труд што со новите капацитети своето производство во 1974 година ќе го наголемат најмалку за 50% во однос на производството во 1973 година, за новоизградените производствени организации на здружениот труд во состав на сложените организации, или за производствените организации на здружениот труд во состав на сложените организации, ако тие производствени организации со новите капацитети своето производство во 1974 година го наголемуваат најмалку за 50% во однос на производството во 1973 година, како и за потребите на производствените организации на здружениот труд кај кои увозните суровини и другите увозни репродукциони материјали се уништени поради виша сила (пожар, поплава, земјотрес и др.).

15 Организациите на здружениот труд од точка 14 на оваа одлука барањето за утврдување на износот на девизите за плаќање на стоките за кои е пропишан увоз врз основа на глобалната девизна квота му го поднесуваат на Сојузниот секретаријат за пазар и цени. Сојузниот секретаријат за пазар и цени, по претходно прибавеното мислење на Стопанската комора на Југославија, во спогодба со сојузниот орган на управата надлежен за соодветната област на стопанството, ќе ја оцени оправданоста на поднесените барања и ќе му даде предлог на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, кој во рок од 30 дена од денот на приемот на предлогот, со решение ќе ја утврди глобалната девизна квота за поодделни организации на здружениот труд, имајќи ги предвид износите на глобалната девизна квота на другите историдни организации.

Ако износот на девизите од точка 14 на оваа одлука е исцрпен, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето за тоа, ќе му поднесе предлог на Сојузниот извршен совет за утврдување додатен износ на глобалната девизна квота.

16. На производствените организации на здружениот труд што во смисла на Одлуката за мерилата и условите за утврдување кои производителски организации на здружениот труд се сметаат како претежни извозници во 1973 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/72), имале статус на претежен извозник, а кои за 1974 година го немаат тој статус, глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1974 година им се утврдува во височината на девизите остварени по тој основ што ги искористиле за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали врз основа на глобалната девизна квота во 1973 година.

Организациите на здружениот труд од став 1 на оваа точка барањето за утврдување на износот на девизите за плаќање на стоките за кои е пропишан режим на увозот врз основа на глобалната девизна квота ѝ го поднесуваат на Стопанската комора на Југославија, која тие барања, со свое мислење, му ги доставува на Сојузниот секретаријат за надворешна трговија. Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во рок од 15 дена од денот кога Стопанската комора на Југославија ќе ги прими поднесените барања и мислења, со решение ја утврдува глобалната девизна квота за поодделни организации на здружениот труд од став 1 на оваа точка.

17. Организациите на здружениот труд можат со средствата на глобалната девизна квота да ги плаќаат суровините и другите репродукциони материјали што ги увезуваат само за потребите на сопственото производство и за извршување на договорот склучен помеѓу домашни производствени организации на здружениот труд за долгорочна производствена кооперација и договорот за долгорочна деловно-техничка соработка, што врз основа на таквите договори вршат испораки на компоненти, состојки, делови, склопови, потсклопови и полупроизводи.

Ако организацијата на здружениот труд средствата на глобалната девизна квота ги користи противно на одредбите на став 1 на оваа точка, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија на организацијата на здружениот труд ќе ѝ ја намали глобалната девизна квота за двојниот износ на средствата користени противно на намената од тој став. Ако износот на користените средства е помал од 20% од вкупниот износ на утврдената глобална девизна квота, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија на организацијата на здружениот труд вкупниот износ на глобалната девизна квота утврден на таа организација на здружениот труд ќе ѝ го намали за 20%.

18. Организациите на здружениот труд увоз и плаќање можат да вршат на товар на глобалната девизна квота во смисла на оваа одлука почнувајќи од 1 јануари 1974 година.

По исклучок од одредбата на став 1 на оваа точка, организациите на здружениот труд увозот и плаќањето на сезонските производи можат да ги вршат и пред 1 јануари 1974 година, ако за тоа прибават согласност од Народната банка на Југославија што таа ја дава во спогодба со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

19. Неискористените права на глобалната девизна квота од односите на увозот спрема извозот што на организациите на здружениот труд им биле утврдени со прописите на Сојузниот извршен совет за утврдување на односот на увозот спрема извозот за 1973 година, можат да се користат во 1974 година.

20. Сојузниот секретар за надворешна трговија донесува, по потреба, поблиски прописи за начинот на поднесувањето на барањата од точ. 10, 11, 15 и 16 на оваа одлука, за документацијата што се прилага кон тие барања, како и за начинот на доставувањето на податоците и документацијата потребна за утврдување на износот на девизите од точ. 1, 6 и 11 на оваа одлука.

21. Техничко упатство за примена на оваа одлука дава Народната банка на Југославија, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

22. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 296
24 октомври 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

821.

Врз основа на член 52 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71, 29/71 и 26/72) и член 36 став 2, во врска со член 46 од Законот за девизно работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/72, 71/72 и 52/73), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА РАБОТИТЕ НА ВРШЕЊЕТО НА УСЛУГИ ПРИ ОБЛАГОРОДУВАЊЕ НА СТОКИ

1. Во Одлуката за работите на вршењето на услуги при облагородување на стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/73) во точка 5 зборовите: „Сојузниот секретаријат за стопанство" се заменуваат со зборовите: „Сојузниот секретаријат за пазар и цени".

2. Во точка 6 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Ако за стоките што се увезуваат облагородени со сојузните прописи е одредено дека можат да се увезуваат врз основа на глобалната девизна квота, плаќањето на услугите на облагородувањето на стоките на странската фирма организациите на здружениот труд го вршат со девизите што ги држат на девизната сметка или со девизите купени од овластената банка, врз основа на утврденото право на глобалната девизна квота".

3. По точка 6 се додава нова точка 6а, која гласи:

„6а. Народната банка на Југославија, во согласност со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, по исклучок од точ. 3 и 6 ст. 2 и 3 на оваа одлука може да одобри и друг начин на плаќање односно на наплата на услугите на облагородувањето на стоките ако е во прашање извршување на трговски и други економски спогодби склучени со странство".

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 297
24 октомври 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

822.

Врз основа на член 99а став 3 од Законот за банките и за кредитното и банкарското работење („Службен лист на СФРЈ“, бр. 58/71, 71/72 и 40/73), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО НА ЕФЕКТИТЕ НА ОГРАНИЧУВАЊЕТО НА УЧЕСТВОТО ВО РАСПРЕДЕЛБАТА НА ПРИХОДОТ НА БАНКАТА И КАМАТАТА НА ДЕПОНИРАНИТЕ СРЕДСТВА НА КОРИСНИЦИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА НАДВОР ОД СТОПАНСТВОТО И НА ЕФЕКТОТ НА УКИНАТИОТ ОСНОВЕН ДАНОК НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШИ БАНКАТА

1. Банката со пресметката привремено ќе ги утврди ефектите што ќе произлезат со ограничувањето на учеството во распределбата на приходот на банката и со ограничувањето на каматата на депонираните средства на корисниците на општествени средства надвор од стопанството, освен на корисниците на општествени средства надвор од стопанството наведени во Одлуката за одредување на корисниците на општествени средства надвор од стопанството на кои не се однесува ограничувањето на учеството во распределбата на приходите на банката и ограничувањето на каматната стапка („Службен лист на СФРЈ“, бр. 54/73), како и ефектите на укинатиот данок на надоместоците за услугите што е пресметуван според тар. број 3 на Привремената тарифа на основниот данок на надоместоци за услуги, која е составен дел на Законот за привремено регулирање на плаќањето на основниот данок на надоместоци за услуги („Службен лист на СФРЈ“, бр. 71/72, 22/73 и 39/73).

Пресметката на ефектите од став 1 на оваа точка се составува за период од 1 јули до 31 декември 1973 година.

2. Пресметката на ефектите за период од 1 јули до 31 декември 1973 година се утврдува врз основа на податоците од завршната сметка за 1972 година и пресметката за период јануари-јуни 1973 година според следното:

1) пресметковниот ефект на ограничувањето на учеството во распределбата на приходот на банката на одредени корисници на општествени средства надвор од стопанството е еднаков на половината на износот што во 1972 година банката го пресметала на име учество во распределбата на приходот по основ на вложените средства во фондот на основачите на банката и другите фондови на банката на одредени корисници на општествени средства надвор од стопанството;

2) пресметковниот ефект на ограничувањето на каматите на депонираните средства на одредени корисници на општествени средства надвор од стопанството е еднаков на половината на износот на пресметаните камати на депонираните средства на тие корисници на општествени средства во 1972 година;

3) пресметковниот ефект на укинатиот основен данок на надоместоци за услуги е еднаков на пресметаниот основен данок на надоместоци за услуги по тар. број 3 на Привремената тарифа на основниот данок на надоместоци за услуги — за период од 1 јануари до 30 јуни 1973 година.

3. Пресметката на ефектите од точ. 1 и 2 на оваа одлука за период од 1 јули до 31 декември 1973 година банката ја составува во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

4. Врз основа на податоците од пресметките на ефектите од точ. 1 и 2 на оваа одлука, банката ќе изврши привремено намалување на каматите на кредитите за трајни обртни средства и за инвестиции во основни средства на комитентите на банката утврдени во самоуправната спогодба на банките, склучена во согласност со одредбата на член 99а став 2 на Законот за банките и за кредитното и банкарското работење.

Намалувањето на каматите по одредбите на став 1 на оваа точка банката ќе го изврши така што договорената каматна стапка на одредени кредити — на комитентите утврдени во самоуправната спогодба на банките од 1 јули 1973 година ќе им ја намали така што ефектот на намалувањето на каматната стапка во период од 1 јули до 31 декември 1973 година да биде еднаков на износот утврден во пресметката на ефектите од точ. 1 и 2 на оваа одлука.

Намалувањето на каматните стапки од став 2 на оваа точка банката ќе го изврши во рок од 30 дена од денот на донесувањето на прописите на републиките односно на автономните покраини (член 99а став 2 на Законот за банките и за кредитното и банкарското работење), со тоа што ефектите на намалувањето на каматните стапки да се искажат во завршните сметки на комитентите на банката за 1973 година.

5. Конечна пресметка на учеството во распределбата на приходот на банката за корисниците на општествени средства надвор од стопанството банката ќе изврши на начинот пропишан со нејзиниот општ акт, со тоа што дел на приходот одреден врз основа на член 35 став 4 од Законот за банките и за кредитното и банкарското работење ќе им одобри на корисниците на општествени средства надвор од стопанството, а преостанатиот износ на учеството во распределбата на приходот на банката ќе го употреби за намалување на каматите на одредени кредити, односно за покритие на извршеното намалување на каматните стапки по одредбите на точка 4 од оваа одлука.

6. Банката е должна да врши пресметка на пасивните камати на депонираните средства на корисниците на општествени средства надвор од стопанството по каматните стапки утврдени во договорите за депонирањето на средствата, со тоа што дел на така пресметаната камата, што според одредбите на член 71 став 3 од Законот за банките и за кредитното и банкарското работење му припаѓа на корисникот на општествени средства надвор од стопанството, ќе му го одобри на тој корисник, а разликата на пресметаната камата ќе ја употреби за намалување на каматите на одредени кредити, односно за покритие на извршеното намалување на каматните стапки според одредбите на точка 4 на оваа одлука.

Ако со договорот за депонирањето на средствата не е одредена каматната стапка за пресметка на пасивните камати, банката ќе ја примени каматната стапка пропишана со нејзиниот општ акт за односниот вид депозити.

7. Одредбите на точ. 5 и 6 на оваа одлука не се однесуваат на корисниците на општествени средства наведени во Одлуката за одредување на корисниците на општествени средства надвор од стопанството на кои не се однесува ограничувањето на учеството во распределбата на приходите на банката и ограничувањето на каматната стапка.

8. Делот на активните камати и делот на надоместоците за банкарските услуги наплатени од комитентите, што потекнуваат од укинатиот основен данок на надоместоци за услуги пресметан според тар. број 3 на Привремената тарифа на основниот данок на надоместоци за услуги банката ќе ги употреби за намалување на каматите на одредени кредити, односно за покритие на извршеното намалување на каматните стапки според одредбите на точка 4 од оваа одлука.

Пресметката на износите што потекнуваат од укинатиот основен данок на надоместоци за услуги банката ја врши на начинот на кој ја вршела пресметката на основниот данок на надоместоци за услуги според тар. број 3 на Привремената тарифа на основниот данок на надоместоци за услуги.

По исклучок од одредбата на став 2 на оваа точка, банката може да одлучи пресметката на износите што потекнуваат од укинатиот основен данок на надоместоци за услуги да ја изврши така што ќе

ја утврди просечната стапка на данокот на надоместоци за услуги содржан во вкупниот приход на банката и така утврдената просечна стапка да ја примени врз вкупниот приход на банката остварен во пресметковниот период за кој се утврдува ефектот на укинатиот основен данок на надоместоци за услуги.

Просечната стапка од став 3 на оваа точка се утврдува врз основа на податоците од образецот: Биланс на успехот од 1 јануари до 31 декември 1972 година, кој е составен дел на завршната сметка на банката за 1972 година, така што збирот на искажаните износи на данокот под редните броеви 3, 25 и 69 се дели со збирот на износите на приходите искажани под редните броеви 13 и 33.

9. Пресметаните износи според одредбите на точ. 5, 6 и 8 на оваа одлука банката ќе ги спореди со износот на намалувањето на каматите според одредбите на точка 4 на оваа одлука, па ако најде дека ефектот на извршеното намалување е помал од пресметаните износи дополнително ќе ги намали каматните стапки со истиот ефект, односно ако најде дека ефектот на намалувањето е поголем, ќе ги наголеми порано намалените каматни стапки со истиот ефект.

10. Како банка, во смисла на оваа одлука, се подразбира банката како целина односно нејзините деловни единици од член 25 на Законот за банките и за кредитното и банкарското работење.

11. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јули 1973 година.

Р. п. бр. 298
24 октомври 1973 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Џемал Биедиќ, с. р.

823.

Врз основа на член 42 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 6/73), сојузниот секретар за труд и социјална политика пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ПРОПИШУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕКОВИ И ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА

I. Општи одредби

Член 1

Пропишувањето и издавањето на лекови и водењето евиденција за пропишувањето и издавањето на лекови се врши според одредбите на овој правилник.

Член 2

Лекови можат да пропишуваат само лекари и забни лекари (во понатамошниот текст: лекарите) што имаат право на самостојно вршење на својата стручна дејност, и тоа само оние лекови што се пуштаат во промет врз основа на Законот за пуштање на лекови во промет.

Лекови во аптеки можат да издаваат само лица што со прописите на републиките и на автономните покраини се овластени за тоа (во понатамошниот текст: фармацеутите).

Член 3

Лекови се пропишуваат и издаваат на лекарски рецепт. Само одредени лекови можат да се издаваат без рецепт.

Член 4

На еден лекарски рецепт можат да се пропишуваат лекови само за едно лице.

II. Лекарски рецепт

Член 5

Лекарскиот рецепт мора да ги содржи следните податоци:

1) назив на лекот;
2) фармацеутски облик на лекот;
3) количина на лекот;
4) начин на употребата на лекот;
5) потпис на лекарот;
6) датум на издавањето на рецептот;
7) име, презиме и адреса на болниот.

На рецептот што е издаден за дете, мораат да се означат и годините на возраста на детето.

Ако рецептот се издава во здравствена организација на здружениот труд, на заглавјето на рецептот мора да биде отпечатен или со штембил втиснат називот на здравствената организација на здружениот труд, а ако рецептот се издава надвор од здравствената организација на здружениот труд — името, презимето и адресата на лекарот (место, улица и број), како и бројот на телефонот ако лекарот има телефон.

На рецептот што се издава во здравствена организација на здружениот труд мора да биде втиснато името и презимето на лекарот што го издава рецептот.

Член 6

Лекарските рецепти по кои се издаваат лекови на товар на фондовите на здравственото осигурување или на други организации што со аптеката склучиле договор за издавање на лекови, можат, покрај податоците од член 5 на овој правилник, да содржат и други договорени ознаки.

Член 7

Податоците од член 5 на овој правилник мораат да бидат со рака читливо напишани со мастило или со хемиски молив.

Член 8

На едната страна на лекарскиот рецепт мора да остане слободен простор за означување на цената на лекот и за ставање ознака што фармацеутот е должен да ја стави на рецептот при изработката односно издавањето на лекот.

Член 9

Лекарскиот рецепт има значење на јавна исправа.

III. Пропишување на лекови

Член 10

Називите на лековите се испишуваат на лекарскиот рецепт, по правило, на латински јазик, и тоа според називите од Југословенската фармакопеја III или од други прописи.

Називите на лековите можат да се скратуваат на начинот утврден со Југословенската фармакопеја III.

Називите на готовите лекови се испишуваат без скратување.

Член 11

Упатството за начинот на употребата на лекот мора да биде на лекарскиот рецепт потполно. Не е доволно само да се стават зборовите: „по наредба", „по упатството" и сл.

Член 12

Ако при изработката на лекот неговата количина мора да се мери, лекарот на рецептот мора да ја означи во грамови (g), и тоа со арапски броеви, односно со римски броеви ако се во прашање капки.

При пропишувањето на готов лек што се наоѓа во прометот во одредено пакување, бројот на таквите пакувања што се пропишуваат лекарот на рецептот мора да ги означи со римски броеви. Ако бројот на таквите пакувања е поголем од еден, мора да се означи и со букви.

Со римски броеви на рецептот се означува и бројот на капките, пилулите, таблетките, супозиториите, ампулите и сл.

Ако се пропишува готов лек што се наоѓа во прометот во разни облици, големини односно јачини, лекарот на рецептот мора да го означи обликот, големината односно јачината на лекот.

Ако при пропишувањето на лекот лекарот има намера да ја пречекори максималната доза што со Југословенската фармакопеја III или со други прописи е одредена, тој е должен пречекорената доза да ја означи и со букви и покрај таа ознака да стави чуденка (!), како и кон тој знак да го стави својот потпис.

Член 13

Ако поради природата на болеста треба лекот итно да се издаде, лекарот е должен на рецептот да стави една од следните ознаки: „cito", „statim" или „periculum in mora".

Член 14

Лекарот е должен на рецептот своерачно да ја стави ознаката: „non repetatur", ако смета дека издавањето на лекот по тој рецепт не треба да се повтори. Таа ознака не смее да биде на рецептот отпечатена.

Член 15

Лековите што содржат опојни дроги и психотропни супстанции можат да се пропишуваат само ако нивната употреба е неопходна.

Член 16

Како лекови што содржат опојни дроги и психотропни супстанции се сметаат оние лекови за кои е дадена согласност за пуштање во промет врз основа на Законот за пуштање на лекови во промет и кои содржат некое од следните средства:

1) опиум или препарати добиени непосредно од опиум (Panopin, Extractum opii, Tinctura opii и сл.);
2) морфин и негови соли;
3) кодеин и негови соли;
4) кокаин и негови соли;
5) оксикодон-хидрохлорид (дихидрооксикодеинон-хидрохлорид, дихидрохидроксикодеинон-хидрохлорид, Godenon);
6) тебакон- хидрохлорид (ацетидехидрокодеинон-хидрохлорид, Acekodin);
7) метадон-хидрохлорид (Heptanon);
8) норметадон-хидрохлорид (Ticarda);
9) петидин-хидрохлорид (Petantin);
10) амфетамин и негови деривати (dexamphetamin, methamphetamin);
11) methylphenidate;
12) phencyclidine;
13) phenmetrazine;
14) барбитурати (amobarbital, cyclobarbital, pentobarbital, secobarbital, barbital, methylphenobarbital, phenobarbital);
15) glutethimide;
16) amfepramone;
17) ethinamat;
18) metaqualone;
19) methyprylon;
20) ethchlorovynol (етил-2-2 hloroviniletinil-karbinol);
21) SPA (-/-L dimetilamino-1,2-difeniletan).

Член 17

На еден лекарски рецепт може да се пропише само еден лек кој содржи едно од средствата од член 16 на овој правилник.

Член 18

Лекарот односно забниот лекар може да пропише за еднократно издавање на лек кој содржи најмногу:

1) 2 g опиум или соодветна количина на некој препарат на опиум;
2) 0,2 g морфин;
3) 0,3 g кодеин;
4) 0,4 g панопин;
5) 0,2 g оксикодон-хидрохлорид (Codenon);
6) 0,2 g тебакон-хидрохлорид (Acecodin);
7) 0,2 g метадон-хидрохлорид (Heptanon);
8) 0,15 g норметадон-хидрохлорид (Ticarda);
9) 0,1 g петидин-хидрохлорид (Petantin);
10) 0,1 g амфетамин-сулфат (Amphetamin); а за употреба за очи 0,2 g.

Член 19

На лекарски рецепт не смее да се пропишува ниту да се издава:

1) кокаин и негови соли, како ниту лекови направени од кокаин и негови соли;
2) средства од член 16 точ. 7 до 10 на овој правилник.

Член 20

Кокаин може да се издава за потребите на здравствените организации на здружениот труд, и тоа само во облик на:

1) раствор кој содржи до 20% кокаин;
2) маст за очи која содржи до 2% кокаин;
3) таблетки за очи која содржи до 0,003 g кокаин.

За потребите на здравствените организации на здружениот труд кокаин може да се издава само врз основа на писмено требување потпишано од овластеното лице.

Член 21

Лекарските рецепти на кои се пропишуваат лекови што содржат опојни дроги и психотропни супстанции мораат да се издаваат во два примерока со ознака „копија" на вториот примерок и со назначување на редниот број на книгата на евиденцијата за издадените рецепти.

IV. Издавање на лекови

Член 22

Аптеките издаваат лекови, по правило, врз основа на лекарски рецепт.

Без рецепт можат да се издаваат само оние готови лекови за кои Сојузниот секретаријат за труд и социјална политика при давањето на согласноста за пуштање во промет одредил дека можат да се издаваат без рецепт.

Без рецепт можат да се издаваат и лекови што во Југословенската фармакопеја III не се обележени со знакот еден крст (+) или со знаците два крста (++).

По исклучок од став 3 на овој член, без рецепт, со потребно упатство за примената, можат да се издаваат:

1) Aminophenazone во количина до 10×0,30 g;
2) Solutio Cresoli saponota во количина до 125 g;
3) Spiritus Jodi во количина до 10 g.

Член 23

Фармацеутот е должен да издаде лек што на лекарскиот рецепт е пропишан, ако го има лекот и ако рецептот е составен согласно со одредбите на овој правилник.

Ако аптеката го нема пропишаниот лек, фармацеутот е должен да презме мерки за набавка на тој лек.

Фармацеутот не смее, без претходна спогодба со лекарот што го пропишал лекот, наместо пропишаниот да издаде лек со сличен состав.

Ако аптеката го нема пропишаниот лек, фармацеутот може да издаде лек со ист состав што под друго име се наоѓа во прометот, само ако со тоа се согласи лицето на кое му е пропишан лекот. Секоја замена на лек мора да се назначи на рецептот.

За време на ноќно дежурство фармацеутот мора да издаде лек по рецепт што носи ознака на итност.

Член 24

Фармацеутот не смее да издаде лек по лекарски рецепт што не е исправен (рецептот не е јасен, упатството за употребата на лекот непотполно, недостигаат потребни ознаки, пропишаните состојки се инкомпатибилни, кај лек со силно дејство е пречекорена одредената доза или дозата не е испишана со букви односно не се ставени чуденка и потпис).

Ако рецептот е неисправен, фармацеутот е должен да го предупреди лекарот што таквиот рецепт го издал на утврдената неисправност, и тоа на начин на кој кај дицето на кое лекот му е пропишан нема да предизвика сомнение во исправноста на работата на лекарот или фармацеутот. Ако при тоа не може да се спогоди со лекарот (на пример, лекарот се наоѓа во друго место и сл.), фармацеутот ќе постапи на следниот начин:

1) ако рецептот не е јасен — на погоден начин рецептот ќе му го врати на лекарот со потребните објасненија;

2) ако на рецептот му недостасува некоја од ознаките наведени во член 5 точ. 2, 4, 6 и 7 на овој правилник, а на рецептот е ставена ознака на итност или ако од таквиот рецепт може да се заклучи дека лекот е итно потребен — ќе го издаде пропишаниот лек, со тоа што изоставените ознаки ќе ги стави на рецептот;

3) ако е пропишан лек со инкомпатибилни состојки — ќе го издаде лекот држејќи се при тоа кон признаените научни начела и важечките прописи, а на рецептот ќе ги означи исправките што ги извршил;

4) ако на рецептот е пропишан лек во кој максималните дози се пречекорени, а лекарот не ги ставил пропишаните ознаки — ќе го издаде лекот во средна терапеутска доза, направените исправки ќе ги означи на рецептот и за тоа дополнително ќе го извести лекарот што го издал рецептот.

Член 25

Ако по лекарски рецепт се издава лек во кој се пречекорени максималните дози, фармацеутот ќе го задржи рецептот а на лицето на кое таквиот лек му е пропишан ќе му издаде покрај лекот и копија на рецептот.

Член 26

Лек по лекарски рецепт со ознака на итност мора веднаш да се издаде.

Член 27

Ако на лекарскиот рецепт не е означена количината и видот на индиферентната супстанција потребна за изработка на лекот, фармацеутот е должен на рецептот да ја назначи количината и видот на супстанцијата што ја употребил при изработката на лекот.

Член 28

Ако лекарот пропише под скратен назив некој сложен лек кој не е предвиден во Југословенската фармакопеја III или во други прописи, фармацеутот е должен при издавањето на таквиот лек на рецептот да ги испише сите негови составни делови и нивните количини.

Член 29

Готови лекови се издаваат, по правило, во неповредено фабричко пакување.

Ако готов лек поради подолго стоење може да стане неисправен, фармацеутот е должен пред издавањето на таквиот лек да го отвори неговото пакување и да провери дали на лекот има видливи промени врз основа на кои може оправдано да се посомнева во неговата исправност. Ако се посомнева во исправноста на готовиот лек, фармацеутот е должен да го запре неговото понатамошно издавање и веднаш да ѝ го достави на овластената организација на здружениот труд за испитување и контрола на лекови.

Член 30

Ако при пропишувањето на готов лек што во прометот се наоѓа во разни облици, големини односно јачини, лекарот не го назначи на рецептот обликот, големината односно јачината на лекот, фармацеутот е должен пред издавањето на лекот да го предупреди на тоа лекарот и да се обиде со него да се спогоди, ако тоа е можно.

Ако фармацеутот нема можност во случајот од став 1 на овој член да се спогоди со лекарот, ќе постапи на следниот начин:

1) во поглед на обликот — ќе го издаде најпогодниот облик на лекот со оглед на упатството за неговата употреба;

2) во поглед на големината на пакувањето:

а) ќе се спогоди со лицето на кое лекот му е пропишан за големината на пакувањето, ако лекот е пропишан надвор од здравствената организација на здружениот труд;

б) ќе ја издаде големината на пакувањето утврдена со договорот ако е во прашање рецепт по кој лекот се издава на товар на фондот на здравственото осигурување или на други организации со кои аптеката склучила договор за издавање на лекови, односно најмалото пакување ако големината на пакувањето не е предвидена со договорот;

3) во поглед на јачината — ќе издаде лек со помала јачина.

Во сите случаи од став 2 на овој член фармацеутот на рецептот ќе го означи обликот, големината односно јачината на издадениот лек.

Член 31

Ако лекарот при пропишувањето на лекот, за кој Југословенската фармакопеја III предвидува разни степени на чистота, не го пропише изречно степенот на чистотата, фармацеутот ќе издаде почист лек.

Член 32

Пред издавањето на лекот фармацеутот е должен на лекарскиот рецепт да го стави штембилот на аптеката, датумот на изработката на лекот, бројот под кој рецептот е заведен во книгата на рецептите, цената на лекот и својот параф. Ако изработениот лек го издава друг фармацеут и тој е должен на рецептот да го стави својот параф.

Член 33

Лековите што се изработуваат во аптека, како и готовите лекови што при издавањето се вадат од оригиналното пакување, се издаваат, по правило, во следната опрема, и тоа:

1) течности — во шишиња со тесно грло;

2) пудри во течна состојба — во шишиња со широко грло;

3) масти и пасти — во стаклени тегли;

4) неподелени прашоци — во тркалезни картонски кутии ако треба да се земаат повеќе пати, односно во хартиени кесиња ако треба да се употребат одеднаш;

5) поделени прашоци и чаеви — во хартиени кесиња;

6) ампули, супозитории, глобули, пилули, капсули од скроб, таблетки и пастили — во картонски кутии;

7) лекови што се менуваат под дејството на светлина — во темни садови;

8) лекови со јако или моќно јако дејство што се употребуваат во капки — во шишенца за капки или во обични шишенца со капалка.

Член 34

На опремата односно на фабричкото пакување на лекот се става сигнатура на која мора да биде отпечатен називот, местото и адресата на аптеката.

Лековите наменети за внатрешна (перорална, ентерална) употреба на опремата мораат да имаат сигнатура во бела боја, а лековите наменети за надворешна употреба на опремата мораат да имаат сигнатура во црвена боја со ознака „за надворешна употреба".

Фармацеутот е должен на сигнатурата читливо да го напише упатството за употребата на лекот и да го назначи датумот на издавањето на лекот, како и да го стави својот параф. Ако е потребно, покрај кратокото упатство на сигнатурата, да даде пообемно упатство за употребата на лекот, фармацеутот е должен тоа упатство да го напише на посебна хартија и да го завери со штембилот на аптеката и со својот потпис.

Ако лекарскиот рецепт се заведува во книгата на рецептите, на сигнатурата мора да се стави и бројот под кој рецептот е заведен во книгата на рецептите.

Ако се издава лек за надворешна употреба што содржи отровни материи, фармацеутот е должен на сигнатурата тоа да го назначи со посебна ознака „отров".

V. Евиденција

Член 35

Здравствените организации на здружениот труд, како и лекарските и забарските ординации што пропишуваат лекови, се должни да водат евиденција за лекарските рецепти издадени за лекови што содржат опојни дроги или психотропни супстанции од член 16 на овој правилник.

Евиденцијата од став 1 на овој член за лековите што содржат психотропни супстанции се води само за магистрални односно готови лекови што не се комбинирани со други активни супстанции.

Член 36

Евиденцијата од член 35 на овој правилник ги содржи следните податоци:

1) датум на издавањето на лекарскиот рецепт;
2) име и презиме на лекарот односно на забраниот лекар што го пропишал лекот;
3) име, презиме и адреса на лицето на кое му е пропишан лекот;
4) назив и количина на пропишаниот лек;
5) вид и количина на опојната дрога односно на психотропната супстанција што ја содржи лекот.

Член 37

Здравствените организации на здружениот труд што издаваат лекови на лицата кои кај нив се наоѓаат на лекување се должни да водат евиденција за набавените и издадените лекови што содржат опојни дроги и психотропни супстанции. Таа евиденција ги содржи следните податоци:

1) датум на набавката, количина на набавениот лек и назив на добавувачот;
2) датум на издавањето на лекот;
3) име и презиме на лекарот односно на забниот лекар што го пропишал лекот;
4) назив и количина на издадениот лек;
5) вид и количина на опојната дрога односно на психотропната супстанција што ја содржи лекот;
6) име, презиме и адреса на лицето на кое му е издаден лекот.

Член 38

Аптеките се должни да водат евиденција за набавените и издадените лекови што содржат опојни дроги или психотропни супстанции. Таа евиденција ги содржи следните податоци:

1) датум на набавката, количина на набавениот лек и назив на добавувачот;
2) датум на издавањето на лекот;
3) име и презиме на лекарот односно на забниот лекар што го пропишал лекот и назив на организацијата на здружениот труд во која е издаден рецептот;
4) назив и количина на издадениот лек;
5) вид и количина на опојната дрога односно на психотропната супстанција што ја содржи лекот;
6) име, презиме и адреса на лицето на кое му е издаден лекот.

Евиденцијата од став 1 на овој член за лековите што содржат психотропни супстанции се води само за магистрални односно готови лекови што не се комбинирани со други активни супстанции.

Член 39

Книгите на евиденцијата од чл. 36, 37 и 38 на овој правилник мораат да бидат заверени од страна на надлежниот орган во републиката односно на автономната покраина и мораат да се чуваат три години од денот на запишувањето на последниот издаден лек.

Член 40

Аптеката е должна да води евиденција за лековите издадени на рецепт што ги плаќа лицето на кое му е пропишан лекот.

Евиденцијата од став 1 на овој член ги содржи следните податоци:

1) реден број;
2) име и презиме на лекарот односно на забниот лекар што го пропишал лекот и назив на организацијата на здружениот труд во која е издаден рецепт;
3) вид и количина на издадениот лек;
4) име и презиме на лицето на кое му е издаден лекот;
5) цена на лекот и работна такса;
6) потпис на фармацеутот.

VI. Завршна одредба

Член 41

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

06 Бр. 4309/1
8 октомври 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за труд и социјална политика,
Вуко Драгашевиќ, с. р.

824.

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ" бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „DIE WELT"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Die Welt", број 228 од 29/30 септември 1973 година, кој излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-27/265
11 октомври 1973 година
Белград

Сојузен секретар
за внатрешни работи,
Лука Бановиќ, с. р.

825.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/72, 23/72, 33/72, 39/72, 55/72, 63/72 и 71/72), генералниот директор на Службата на општественото книговодство на Југославија пропишува

УПАТСТВО

ЗА ОТВОРАЊЕ И УКИНУВАЊЕ НА ЖИРО-СМЕТКИ И ДРУГИ СМЕТКИ НА КОРИСНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНИ СРЕДСТВА КАЈ СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО

I. Општи одредби

1. Со ова упатство поблиску се определува единствениот начин за отворање и укинување на жиро-сметки и други сметки на корисници на општествени средства, што се водат кај Службата на општественото книговодство.

2. Како корисници на општествени средства што, во смисла на член 25 од Законот за Службата на општественото книговодство, се должни на сметките кај Службата на општественото книговодство (во натамошниот текст: Службата) да ги водат сите свои парични средства, се подразбираат:

1) основните организации на здружениот труд и заедниците на основните организации на здружениот

труд во состав на работната организација, согласно со самоуправната спогодба за здружување;

2) работните организации за дејностите во областа на стопанството;

3) банките и другите организации основани за вршење кредитни и други банкарски работи и работните организации за работите на осигурувањето имот и лица;

4) работните организации за дејностите во областа на образованието, науката, културата, заштитата на здравјето, социјалната политика или другите општествени служби;

5) сложените организации на здружениот труд;

6) организациите на деловното здружување, нивните работни заедници и основните организации на здружениот труд на организациите на деловното здружување;

7) деловните заедници што се основаат врз основа на посебни закони (Заедница на југословенското електростопанство, Заедница на југословенските железници и др.);

8) стопанските комори;

9) самоуправните интересни заедници (заедница на здравственото осигурување, заедница на пензиското осигурување, заедница на инвалидското осигурување, заедница за образбвање и воспитување, заедница на културата, заедница за вработување и др.);

10) општествено-политичките заедници и нивните органи и организации;

11) фондовите на општествено-политичките заедници и општествените фондови со својство на правно лице;

12) месните заедници;

13) општествено-политичките организации (Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, Сојузот на комунистите на Југославија, Сојузот на синдикатите на Југославија, Сојузот на младината на Југославија и др.);

14) работните заедници на организации на здружениот труд и други корисници на општествени средства, за кои со закон е предвидено во рамките на своите права утврдени со договор и статут да се сметаат за организации на здружениот труд (банките и др.);

15) работните организации и другите корисници на општествени средства во основање, како и посебните единици во состав на работна организација во основање;

16) другите организации што користат општествени средства (здруженија на граѓани, општествени организации и други организации што користат општествени средства а се формирани во согласност со посебни прописи).

II. Жиро-сметки

3. Како жиро-сметка на корисник на општествени средства, во смисла на член 25 од Законот за службата на општественото книговодство, се подразбира сметката преку која се вршат сите уплати и исплати на динарски средства по сите основи за редовно работење, како и издвојувањето на парични средства за посебни намени и обврски утврдени со закони со други прописи, со општи акти и со самоуправни спогодби на корисниците на општествени средства.

4. Корисник на општествени средства може кај Службата да има само една жиро-сметка (член 25 став 2 од Законот за Службата на општественото книговодство).

5. Основна организација на здружениот труд во состав на организација на здружениот труд има посебна жиро-сметка, ако со самоуправната спогодба за здружување што е запишана во судскиот регистар не е определено поинаку (член 55 ст. 2 и 3 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд — „Службен лист на СФРЈ", бр. 22/73).

III. Сметки на издвоени средства

6. Корисниците на општествени средства можат да имаат сметки на издвоени средства, и тоа:

1) основните организации на здружениот труд во состав на работна организација ако имаат жиро-сметка за редовното работење, во согласност со прописите и со нивните самоуправни спогодби за здружување;

2) организациите на здружениот труд, само ако е тоа предвидено со посебни прописи: сметки на средствата на резервата, на средствата на заедничката потрошувачка, на средствата на фондот на станбените згради во организациите за стопанисување со станбените згради, на средствата на другите фондови предвидени со посебни прописи и на средствата на доходот издвоени во текот на годината;

3) банките: сметки на средствата на резервниот фонд на банката и др.;

4) осигурителните организации: сметки на средствата за техничка премија на осигурувањето на животот, техничката премија на другите осигурувања и реосигурувања за резервите на сигурноста на осигурувањето на животот, за резервите на сигурноста на другите осигурувања и реосигурувања и за математичката резерва на осигурувањето на животот;

5) самоуправните интересни заедници, во согласност со прописите за нивното формирање: сметки на средствата на резервата. на средствата за спроведување на конвенциите за социјалното осигурување, средствата на фондот на солидарноста на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување, на средствата на фондот за станбените потреби на пензионерите и инвалидите на трудот и др.;

6) месните заедници: сметки на средствата на месниот самопридонес и др.;

7) општествено-политичките заедници: сметки на средствата на резервата, на средствата на фондовите за посебни намени што немаат својство на правно лице, како и сметки на другите средства што според прописите се водат на посебни сметки за посебни намени;

8) органите и организациите на општествено-политичките заедници: сметки на средствата на резервата, на средствата на фондот за опрема, на средствата на фондот на заедничката потрошувачка и на средствата за посебни намени;

9) општествено-политичките организации и други организации; сметки на средствата за кои со прописи или со нивните општи акти тоа е определено;

10) работните заедници на организациите на здружениот труд и на другите корисници на општествени средства, за кои е предвидено со закон да се сметаат како организации на здружениот труд во рамките на своите права и обврски утврдени со договор и со статутот, имаат сметки на издвоените средства како и организациите на здружениот труд;

11) банката во основање: сметки на издвоените средства уплатени за фондот на основачите на банката;

12) основачите: сметки на средствата издвоени за организација во основање (член 104, став 1 точка 2 на Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд);

13) корисниците на општествени средства кои според прописите и самоуправните спогодби се должни да обезбедат средства за инвестиции: сметки на сопствените средства, на средствата од кредити на банки, на здружените средства, на депозити по исплатите за инвестиции и др.);

14) во други случаи, ако според прописите е предвидено издвојување на средства за посебна намена.

IV. Отворање жиро-сметки и сметки на издвоените средства

7. Жиро-сметка кај Службата се отвора врз основа на писмено барање од корисникот на општествени средства. Кон тоа барање се приложуваат соодветните исправи, и тоа:

1) извод од судскиот регистар за запишувањето на конституирањето на работната организација и на нејзините основни организации на здружениот труд;

2) извод од судскиот регистар за запишување на посебната единица на работната организација во основање;

3) извод од судскиот регистар за запишување на самоуправната спогодба за здружување на основни организации во заедница на основни организации на здружениот труд;

4) извод од судскиот регистар за запишување на самоуправната спогодба за здружување во сложена организација;

5) самоуправна спогодба за здружување во работна организација;

6) извод од судскиот регистар за запишување на договорот за деловно здружување;

7) доказ за запишувањето на општествената организација кај надлежниот орган на управата и нејзините правила односно статут;

8) акт за основање на самоуправна интересна заедница односно на општествен фонд;

9) акт за основање други корисници на општествени средства;

10) документација потребна за распоредување во определена дејност;

11) картон на депонираните потписи на овластените лица што се запишани во судскиот регистар за располагање со средствата од сметките на корисниците на општествени средства;

12) друга документација што е предвидена со прописи, со општествени договори и со самоуправни спогодби.

Жиро-сметка кај Службата се отвора и на барање од органите овластени според посебни прописи.

8. Корисникот на општествени средства поднесува барање за отворање жиро-сметка, заедно со соодветните исправи од точка 7 на ова упатство, до организационата единица на Службата во своето седиште, а ако во седиштето на корисникот на општествени средства нема организациона единица на Службата, барањето го поднесува до месно надлежната организациона единица на Службата.

Организационата единица на Службата на која основната организација на здружениот труд ѝ поднесла барања за отворање жиро-сметка е должна за отворањето на жиро-сметката да ја извести онаа организациона единица на Службата на чие подрачје е седиштето на работната организација во чиј состав е односната основна организација на здружениот труд. Организационата единица на Службата на чие подрачје е седиштето на работната организација е должна во рок од три дена од денот на приемот на известувањето за отворање на жиро-сметката да ѝ го потврди приемот на известувањето на организационата единица на Службата што го испратила известувањето.

Организационата единица на Службата на чие подрачје е седиштето на работната организација во чиј состав е односната основна организација на здружениот труд, врз основа на документацијата со која располагала како и евентуално спроведената постапка, ќе провери дали постојат услови за отворање на жиро-сметка. Ако утврди дека не постојат услови за отворање жиро-сметка, таа е должна за тоа во рок од 3 дена да ја извести организационата единица на Службата на чие подрачје е седиштето на односната основна организација на здружениот труд, заради преземање соодветни мерки.

9. Барањето за отворање сметка на издвоените средства корисникот на општествени средства, по правило, го поднесува истовремено со барањето за отворање на жиро-сметка.

Корисникот на општествени средства може и по отворањето на жиро-сметката да поднесе барање за отворање сметка на издвоените средства, ако се укаже потреба за тоа.

10. Ако утврди дека не се исполнети условите за отворање жиро-сметка односно сметка на издвоените средства, надлежната организациона единица на Службата е должна да го извести за тоа писмено подносителот на барањето.

На барање од корисникот на општествени средства, надлежната организациона единица на Службата ќе донесе решение за одбивање на отворањето на жиро-сметка односно на сметка на издвоените средства најдоцна во рок од 5 дена од денот на приемот на барањето.

V. Отворање и укинување на жиро-сметки и сметки на издвоените средства во врска со статусни промени

11. Корисникот на општествени средства е должен веднаш да ѝ ги пријави на надлежната организациона единица на Службата сите настанати статусни промени, што имаат влијание врз отворањето на жиро-сметки и врз веќе отворените жиро-сметки кај Службата и, во врска со тие промени, да поднесе соодветна документација.

12. Ако се врши припојување и спојување на основни организации на здружениот труд односно на работни организации, настанатата промена ѝ ја пријавува на Службата онаа организација што настанала со спојување односно онаа кон која е припоена другата организација.

Пријавата од став 1 на оваа точка се поднесува до организационата единица на Службата на чие подрачје е седиштето на организацијата кон која е извршено припојување односно што настанала со спојување како и до организационите единици на Службата кај кои се воделе жиро-сметките на организациите што престанале да постојат.

Ако припоената работна организација односно работни организации што се спојуваат бидат организирани како основни организации на здружениот труд што имаат жиро-сметка, тие основни организации на здружениот труд ѝ ги пријавуваат статусните промени и на надлежната организациона единица на Службата.

Кон пријавата од став 1 на оваа точка се доставуваат одлуката за спојување односно припојување и изводот од судскиот регистар за запишување на статусната промена.

13. Ако работна организација се подели на две или повеќе работни организации односно ако основна организација на здружениот труд се подели на две или повеќе основни организации на здружениот труд, организациите што настануваат со поделбата им доставуваат на надлежните организациони единици на Службата барање за отворање на жиро-сметка, кон кое ја приложуваат одлуката за поделбата и изводот од судскиот регистар за запишувањето на статусната промена.

Барањето за укинување на жиро-сметка на организација што со поделба престанала со работа до надлежната организациона единица на Службата го поднесува новонастанатата организација што се наоѓа во седиштето на организацијата што престанала со работа.

14. Ако основна организација на здружениот труд се издвои од составот на работната организација и стане работна организација, новонастанатата работна организација и работната организација од чиј состав е издвоена таа се должни на надлежните организациони единици на Службата да ѝ поднесат извод од судскиот регистар за запишувањето на конституирањето односно бришењето.

15. Ако над организација на здружениот труд се отвори стечајна постапка, надлежната организациона единица на Службата е должна, на барање од стечајниот управник, да ѝ отвори нова жиро-сметка на организацијата на здружениот труд во стечај и истовремено да ја укине поранешната жиро-сметка на таа организација.

Кон барањето од став 1 на оваа точка, стечајниот управник го приложува решението за отворање на стечајната постапка.

16. Ако спрема организација на здружен труд се отвори постапка за редовна ликвидација, над-

лежната организациона единица на службата е должна, на барање од лицето што ќе го определи стопанскиот суд што ја спроведува постапката за редовна ликвидација, да ѝ отвори нова жиро-сметка на организацијата на здружениот труд во редовна ликвидација и истовремено да ја укине поранешната жиро-сметка на таа организација.

Кон барањето од став 1 на оваа точка, лицето што ќе го определи стопанскиот суд го приложува решението за отворање на постапката за редовна ликвидација.

17. Во случајот од точ. 15 и 16 на ова упатство, во времето до приемот на барањето за отворање на нова жиро-сметка од страна на стечајниот управник односно од лицето што ќе го определи надлежниот стопански суд за спроведување на редовна ликвидација, надлежната организациона единица на Службата не може да ги извршува налозите на товар на поранешната жиро-сметка на организацијата на здружениот труд над која е отворена стечајна постапка односно постапка за редовна ликвидација.

Средствата од укинатата жиро-сметка се пренесуваат врз новата жиро-сметка на организацијата на здружениот труд над која е отворена стечајна постапка односно постапка за редовна ликвидација.

18. Истовремено со укинувањето на жиро-сметката на корисникот на општествени средства, надлежната организациона единица на Службата ги укинува и сметките на издвоените средства на односниот корисник на општествени средства.

Сметките на издвоените средства можат да се укинат и пред укинувањето на жиро-сметката на барање од корисникот на општествени средства, ако се укаже потреба за тоа.

19. Средствата од укинатите жиро-сметки и од сметките на издвоените средства надлежната организациона единица на Службата ги пренесува, врз основа на налог од корисникот на општествени средства, врз соодветните сметки согласно со прописите, самоуправните спогодби и со другите акти на надлежните органи.

20. Ако корисникот на општествени средства не го поднесе налогот за пренесување на средствата во смисла на точка 19 од ова упатство, надлежната организациона единица на Службата ќе го предупреди корисникот на општествени средства во рок од 15 дена да издаде налог за пренесување на средствата.

Ако корисникот на општествени средства во рокот од став 1 на оваа точка не поднесе налог, надлежната организациона единица на Службата ќе донесе решение со кое ќе му наложи на корисникот на општествени средства во рок од осум дена да издаде налог за пренесување на средствата.

Ако корисникот на општествени средства во рокот од став 2 на оваа точка не издаде налог, надлежната организациона единица на Службата, кога ќе стане решението конечно ќе изврши пренесување на тие средства на посебни сметки на кои се водат средствата што не се користат (средства на организациите на здружениот труд што престанале со работењето и др.).

21. Ако на жиро-сметката немало промени во периодот од една година, надлежната организациона единица на Службата веднаш по истекот на тој период ќе го предупреди корисникот на општествени средства да ги пренесе средствата од жиро-сметката врз соодветната сметка. Ако корисникот на општествени средства не го изврши преносот на средствата врз соодветните сметки во рок од триесет дена од денот на истекот на тој период од една година, организационата единица на Службата ќе изврши пренесување на средствата врз посебна сметка врз која се водат средствата што не се користат.

22. Корисниците на општествени средства се должни најдоцна до 28 февруари 1974 година да поднесат барање до надлежната организациона единица на Службата да ги укине сметките чие постоење не е во согласност со закон и со ова упатство, и тоа:

1) сметките отворени на делови на организации на здружениот труд што не се организирани како основни организации на здружениот труд (самостојна организација на здружениот труд, економска единица, работна единица, погон со внатрешна пресметка, погон со самостојна пресметка, склад, продавница, претставништво, режиски одбор и др.);

2) посебните сметки на средствата за разни потреби на корисници на општествени средства (собирање на реализација, претплата, комисиона продажба, пресметки и др.).

23. Организационите единици на Службата се должни најдоцна до 28 февруари 1974 година да извршат контрола на примената на прописите во врска со отворањето на жиро-сметки и други сметки на корисниците на општествени средства.

Ако со контролата од став 1 на оваа точка се утврди дека определени жиро-сметки и други сметки се отворени спротивно на одредбите од ова упатство, а не е поднесено барање за нивно укинување во смисла на точка 22 од ова упатство, организационите единици на Службата до 15 март 1974 година ќе ги предупредат корисниците на општествени средства во рок од 15 дена од денот на приемот на предупредувањето да поднесат барање за укинување на тие сметки.

Ако корисникот на општествени средства ниту во рокот од став 2 на оваа точка не поднесе барање за укинување на сметките чие постоење не е во согласност со закон и со ова упатство, надлежната организациона единица на Службата ќе донесе решение со кое ќе му наложи на корисникот на општествени средства во рок од осум дена да издаде налог за укинување на тие сметки и налог за пренесување на средствата од тие сметки врз неговата жиро-сметка.

Ако корисникот на општествени средства во рокот од став 3 на оваа точка не издаде налог организационата единица на Службата ќе изврши пренесување на средствата од тие сметки врз жиро-сметката на корисникот на општествени средства и со тоа ќе ги укине тие сметки.

VI. Завршна одредба

24. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр 176
15 октомври 1973 година
Белград

Генерален директор
на Службата на
општественото
книговодство,
на Југославија,
Антон Полајнар, с. р.

826.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА АМБАЛАЖА ОД АЛУМИНИУМСКИ ФОЛИИ (ALU-ВАК И ALU-KUP САДОВИ И КАПАЦИ)

1. Претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите на 24 јули 1973 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за амбалажа од алуминиумски фолии (ALU-ВАК и ALU-KUP садови и капаци), со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа:

а) за садови:	Дин/парче
1) ALU-BAK од 600 cm³ (триделна)	до 0,6011
2) ALU-BAK од 500 cm³	до 0,2312
3) ALU-BAK од 300 cm³	до 0,2528
4) ALU-BAK од 125 cm³	до 0,2334
5) ALU-BAK чинии	до 0,2709
6) ALU-KUP од 100 cm³	до 0,1486
7) ALU-KUP од 100 cm³ (во боја)	до 0,1692

б) за капаци за садови:	Дин/парче
1) ALU-BAK од 600 cm³ (триделна)	до 0,1516
2) ALU-BAK од 500 cm³	до 0,1787
3) ALU-BAK од 300 cm³	до 0,1686
4) ALU-KUP од 100 cm³	до 0,0491
5) ALU-KUP од 100 cm³ (во боја)	до 0,0556

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 481/1 од 17 октомври 1973 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителите: „30. јули" — Куманово.

Претставници на купувачите-потрошувачи: ПИК „Таково" — Горњи Милановац, „ТААН-АЛВА" — Кавадарци, „Јадран" — Неготин, на Вардад и „Благој Горев" — Титов Велес.

827.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА СУРОВА ОГНООТПОРНА ГЛИНА И ЗА ПАЛЕНА ГЛИНА

1. Претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите на 10 јули 1973 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за сурова огноотпорна глина и за палена глина, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, до следното ниво, и тоа за:

		Дин/t
1) сурова огноотпорна глина:		
— Рудовци	G-I-V	до 141,00
— Рудовци	G-II-V	до 130,00
— Врбица	V-I	до 175,00
— Врбица	V-II	до 146,00
— Крушик К-М и К-V		до 94,00
2) палена глина:		
— Синтер — I		до 459,50
— СПР		до 386,80

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 134/2 од 22 октомври 1973 година

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Представник на производителите: „Шамот" Рудници и индустрија шамота — Аранѓеловац.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Керамика" — Младеновац, „Загорка" — Бедековчина, „Силика" — Гостивар, Железара — Јесеници и „Борис Кидрич" — Титов Велес.

828.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителите и претставниците на протрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА НЕРОСУВАЧКИ КОРИТА ЗА МИЈАЛНИЦИ

1. Претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите на 14 септември 1973 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за нерѓосувачки корита за мијалници, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата до 20%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 587/2 од 24 октомври 1973 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителите: „Ковинопластика" — Лож.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Марлес" — Марибор, „Петар Драпшин" — Кикинда, „Брест" — Церкница, „Уметност" — Бачка Топола, „Дунав" — Апатин, „Липа" — Ајдовшчина, „СВЕА" — Загорје, „Трокут" — Новска, „Меркур" — Крањ, „Емо" — Целје, „Красметал" — Сежана, „Намјештај" — Градачац, „С. Гели" — Ѓаково и „Бор" — Бедековчина.

829.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЧЕЛИЧЕН ПЕСОК

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 31 август 1973 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за челичен песок, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени за челичен песок — секанец со цврстина на истегањето од 140 до 160 kg/mm² и за челичен песок-секанец со цврстина на истегањето од 160 до 200 kg/mm² во просек до 13%, при задржување на постојните услови на продажбата и според ценовникот кој е составен дел на спогодбава.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 563/1 од 17 октомври 1973 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Металац“ — Зрењанин, и „Горење-Мута“ — Мута об Драви.

Претставници на купувачитите-потрошувачи: „14. октобар“ — Крушевац, „Братство“ — Нови Травник, Ливница железа и темпера — Кикинда, „Радијатор“ — Зрењанин, „Стролит“ — Оџак, Фабрика одливака — Белград, „Олт“ — Осиек, Фабрика вагона — Кралево и „Јастребац“ — Ниш.

830.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

СПОГОДБА

ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЛАК И ЗА ДИНАМО-ЖИЦА ЗА НАМОТУВАЊЕ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 20 јули 1973 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за лак и за динамо-жица за намотување, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени за наведените производи, при постојните услови на продажбата, најмногу за 4,05 за килограм.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени со решение бр. 214/1 од 22 октомври 1973 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Претставници на производителите: Индустрија каблова „Моша Пијаде“ — Светозарево и Творница електричних кабела „Елка“ — Загреб.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „ЕИ“ — Ниш, „ЕИ“ — Белград, „Раде Кончар“ — Загреб, „Електроковина“ — Марибор, „Искра-Комерс“ — Љубљана, „Искра“ — Нова Горица, „Енергоинвест“ — Сараево, „Електрода“ — Загреб, „Обод“ — Цетиње, „Минел“ — Белград и „Север“ — Суботица.

По извршеното споредување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Одлуката за утврдување на посебен износ на глобалната девизна квота за 1973 година за увоз на земјоделска механизација, објавен во „Службен лист на СФРЈ“ бр. 27/73, се поткраднала долунаведената грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСЕБЕН ИЗНОС НА ГЛОБАЛНАТА ДЕВИЗНА КВОТА ЗА 1973 ГОДИНА ЗА УВОЗ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА МЕХАНИЗАЦИЈА

Во точка 2 став 2 по зборовите: „средствата од“ треба да се додадат изоставените зборови: „одредбата под 2 на“.

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 24 октомври 1973 година.

СОДРЖИНА:

Страна

816. Одлука за одредување на цените за свежо месо во прометот на големо и за преработки од месо — — — — — — — 1701

817. Одлука за постапката за утврдувањето и распределбата на стоковните контингенти односно на девизните контингенти за увоз на стоки во 1974 година — — — 1701

818. Одлука за утврдување на посебниот износ на глобалната девизна квота за одредени производствени организации на здружениот труд за 1974 година — — 1703

819. Одлука за дополнение на Одлуката за вршење на работите на извозот и увозот на стоки во рамките на одредени меѓународни саемски компензациони аранжмани — — — — — — — — — 1703

820. Одлука за утврдување и распределба на глобалната девизна квота за плаќање на увозот на суровини и други репродукциони материјали за 1974 година — — 1703

821. Одлука за измени и дополненија на Одлуката за работите на вршењето на услуги при облагородување на стоки — — 1706

822. Одлука за начинот на пресметувањето на ефектите на ограничувањето на учеството во распределбата на приходот на банката и каматата на депонираните средства на корисниците на општествени средства надвор од стопанството и на ефектот на укинатиот основен данок на надоместоци за услугите што ги врши банката — — — — — — — — — 1707

823. Правилник за пропишување и издавање на лекови и за водење евиденција — — 1708

824. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Die WELT“ — 1711

825. Упатство за отворање и укинување на жиро-сметки и други сметки на корисници на општествени средства кај Службата на општественото книговодство — 1711

826. Спогодба за промена на затечените цени за амбалажа од алуминиумски фолии (ALU-BAK и ALU-KUP садови и капаци) 1714

827. Спогодба за промена на затечените цени за сурова огноотпорна глина и за палена глина — — — — — — — — — — 1715

828. Спогодба за промена на затечените цени за не'рѓосувачки корита за мијалници — 1715

829. Спогодба за промена на затечените цени за челичен песок — — — — — — 1715

830. Спогодба за промена на затечените цени за лак и динамо-жица за намотување — 1716

Исправка на Одлуката за утврдување на посебен износ на глобалната девизна квота за 1973 година за увоз на земјоделска механизација — — — — — — — — 1716

Меѓународни договори — — — — — — 285

Ослободено од основниот данок на промет врз основа на мислењето на Републичкиот секретаријат за култура на СР Србија бр 413 55/72 03 од 15 август 1972 година

Издавач: Новинска установа Службен лист на СФРЈ, Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 11